Institute of National History - Skopje

# NARRATIVES

## Proceedings of the 11th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 10-12 November, 2023

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2024

**Уредник**
Митко Б. Панов

**Меѓународен научен комитет**
Флорин Курта, Универзитет во Флорида
Митко Б. Панов, Институт за национална историја, Скопје
Џузепе Маино, Универзитет во Болоња
Донатела Бијаџи Маино, Универзитет во Болоња
Ѓоко Ѓорѓевски, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“
Хрвоје Грачанин, Универзитет во Загреб
Ендрју Роуч, Универзитет во Глазгов
Влада Станковиќ, Универзитет во Белград
Лукаш Ружицки, Адам Мицкиевич Универзитет во Познањ
Елизабета Димитрова, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
Георги Н. Николов, Универзитет во Софија
Каролин С. Снајвли, Гетисбург колеџ
Витомир Митевски, Македонска академија за науки и уметности, Скопје
Гордана Силјановска, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
Виктор Лилчиќ, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
Иванка Василевска, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
Александар Спасеновски, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје

**Edited by**
Mitko B. Panov

**International Scientific Committee**
Florin Curta, University of Florida
Mitko B. Panov, Institute of National History, Skopje
Giuseppe Maino, University of Bologna
Donatella Biagi Maino, University of Bologna
Gjoko Gjorgjevski, Faculty of Orthodox Theology “St. Clement of Ohrid”, Skopje
Hrvoje Gračanin, University of Zagreb
Andrew Roach, Glasgow University
Vlada Stanković, University of Belgrade
Łukasz Różycki, Adam Mickiewicz University in Poznań
Elizabeta Dimitrova, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Georgi N. Nikolov, Sofia University
Carolyn S. Snively, Gettysburg College
Vitomir Mitevski, Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje
Gordana Siljanovska, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Viktor Lilčić, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Ivanka Vasilevska, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje
Aleksandar Spasenovski, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje

# 18

# Падот на ангелите и потеклото на злото: Приказната за чуварите во неколку ранохристијански извори

МАРИЈА ТОДОРОВСКА, Филозофски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

UDK 27-1:111.84(091)(093)

**Abstract**: This text first briefly recounts the basic versions of the Watchers story from the appropriate ancient sources, for then to move on to the interpretations and incorporation of the story within the works and systems of early-Christian theology. The text briefly explores the use of the motif of the fallen angels in the Watchers tradition, in order to explain the origin of philosophy according to Clement of Alexandria; the connection between demonic evil influences and the hatred towards and persecution of the Christians in Justin Martyr's doctrine; the ontological and ethical perspective of good intentions and radically transformed angelic natures in the Pseudo-Clementine Homilies (Homily 8); and the correlation between the fallen angels and the practices of ritual sacrifices, in Justin Martyr and in the Homilies. The purpose of this brief analysis is to show that although the story had been widely known and is (relatively) uncomplicated, its essential metaphysical, theological, anthropological and ethical significance is extraordinary, both for the development of interpretations and teachings in the particular philosophical-theological systems, and for the general understanding of the (non)humanness of evil.

**Изворната приказна**

Содржината на една приказна е само еден дел од приказната на таа приказна. Останатите делови од животот, распространувањето и значењето на приказната зависат од тоа како се раскажува, каде се употребува, како се толкува, и како се менува. Важните приказни на човештвото, како тие за потеклото и почетокот на злото, мешањето на сферите на светот, трансгресијата и казната, искупувањето и прошката, остануваат да постојат, можеби трансформирани и различно применувани, но корисни, метафизички значајни и длабоко, суштински човечки во полната смисла на зборот. Приказните за божественото се мошне често приказни за божественото и за човечкото; приказните за злото се приказни и за доброто; приказните за почетокот ја објаснуваат сегашноста и иднината.

Приказната за падот на Чуварите од небото ги има сите такви карактеристики: онтолошко-божествена драма, запоставување на доделената должност, побуна против божествениот ред; мешање на онтолошките сфери кога ангелите ги посакуваат и се женат со ќерките човечки, а според тоа, и објаснување за потеклото на злото во светот; проблеми во врска со давањето на опасни знаења и умеења на човештвото; и хаос на земјата од неочекуваните хибридни потомци, уништување, пропаѓање, казна, и потем, трајни последици од сето тоа.

Приказната за синовите божји и ќерките човечки од *Прва книга Мојсеева* (1 *Мој.*) пренесува како убавите жени предизвикале похота во синовите божји, и тие ги земале да им бидат сопруги. Текстот споменува и џинови, кои во тоа време биле на земјата (во времето после спојувањето на синовите божји и ќерките човечки).[1] Злото на земјата се умножило, до тој степен што Бог се покајал што воопшто ги создал жителите на светот, што довело до повелбата за Потопот.[2]

Во *Книга на Јубилеите* приказната наликува на таа од *Прва книга Мојсеева*. Но, додека во библиската верзија не се споменува казна за ангелите, во *Јубилеите*, после одлуката на Бог да го уништи светот со Потопот, се споменува таква казна. Така, додека во *Библијата* не е дадена експлицитна каузална релација меѓу дејствата на синовите божји и Потопот, во *Јубилеите* се подразбира дека виновниците за мешањето на онтолошките сфери и ширењето на злото се ангелите. Така, казнети биваат и Чуварите и нивното потомство. Ангелите се замандалени во подземјето, каде треба да останат сè до последниот суд,[3] и дури тогаш Бог одлучува да го уништи светот, затоа што сака да го создаде одново, без да дозволи присуство на грев.

Од Чуварите (Набљудувачи, Будните) *од Книгата на Енох* (или *Прва книга на Енох*, понатаму во текстот спомената како *1 Енох*) се очекувало

1 1 *Мој.*, 6,4.

2 1 *Мој.*, 6,5-7.

3 *Jub.*, 5,10. Текстот од *Јубилеите* и *1 Енох* е од *The Dead Sea Scrolls Translated – the Qumran Texts in English*, trans. W. G. E. Watson, ed. F. García Martínez (Brill: Leiden, 1996).

посветено да ја вршат доделената функција на – како што кажува името – чувари. Значи, тие се иницијално божествени суштества, а не некакви зли демони или духови. Сепак, водачот на Чуварите (Аза(з)ел или Шамихаза (С/Шамиј(х)аза) се договорил со другите да општат со жените човечки, како и на луѓето да им донесат забранети знаења и способности. Од ова се народило потомството незаситни Цинови, се предизвикало и умножило злото во светот, и дошло до апсолутен хаос и уништување на земјата.[4] Со оглед на тоа што сите Чувари полагаат заклетва дека ќе учествуваат во планот да ги земат жените човечки, за што ќе плати само водачот, очигледно е дека знаат дека се работи за грев и за колективна вина; како и дека знаат дека сите овие (забранети) дејства може да доведат во катастрофални последици. Казната е застапена и во оваа верзија – односно, во едно раскажување на приказната Циновите биваат убиени,[5] но нивните бесмртни ангелски духови, кои се на некој начин неуништиви, се неспособни да се вратат на небото, и остануваат на земјата да предизвикуваат зло (како морален грев, страдање и болка), и општ хаос. Секако, се очекува тие да бидат уништени, за да може гревот и проблемите поврзани со злото да се отстранат од земјата.[6]

Линиите на употреба и анализа на приказната за потеклото на злото и неговото влијание врз светот може да се разгледуваат во неколку насоки и на неколку нивоа. Така, постои верување кое ги идентификува демоните како закaната за поредокот во светот, кои се физички присутни и интервенираат, манифестирајќи се или преку нивните заканувачки појави, или, поважно, преку нивните зли и штетни дејства. Линијата за демоните на св. Августин и св. Тома Аквински се однесува на намерни договори со ѓаволот и неговите демонски извршители, опфаќајќи луѓе од различни потекла и професии, и често пројавувајќи се како необјасниви (во тесните традиционални стандарди) способности или карактеристики.

Средбите со демоните врзани за земјата биле очекувани (иако, секако, недобредојдени). Сатаната и неговите ангели го исполниле сиот свет, според Тертулијан; Евзебиј Кесариски се плашел дека секоја куќа е полна од нив; Јован Касијан сметал дека атмосферата меѓу небото и земјата била секогаш полна со густа толпа од духови; а Рихалм од Шонтал мислел дека се возат по сончевите зраци, се распространуваат насекаде како прашина, и дека целиот воздух е само едно множество ѓаволи. Во овој текст ќе биде кратко разгледана употребата на мотивот на паднатите ангели во објаснувањето на потеклото на филозофијата кај Климент Александриски; ставовите за паднатите ангели кај Јустин Маченик; употребата на приказната низ инаква онтолошко-етичка призма во Псевдо-Климентовите *Хомилии*, и низ кратка споредба на врската на паднатите ангели со ритуалното жртвување кај Јустин Маченик и во *Хомилиите*.

4 *1Еn.*, 8,1, 9,6; 69,2; 6,4-8,1; 5, 9-6,4; 6,7-8,1; 5,9-6,4;6,7-8,1.

5 *1Еn.*, 10,8-12.

6 *1Еn.*, 10,13-19; 12,3.

**Паднатите ангели и потеклото на филозофијата кај Климент Александриски**

Демоните не се само лошо нешто – инаку некои од нас би немале работа или животен повик. Некои автори сметаат дека падот на ангелите бил изворот на филозофијата. Хермија раскажува како апостол Павле, во обраќањето кон Коринтјаните (1*Кор*., 3,19) тврдел дека мудроста во овој свет е безумство пред Бога, што може да се поврзе со приказната за бунтот на Чуварите. Така, филозофите ги претставиле своите учења, кажувајќи нешта кои ниту звучат исто, ниту ги означуваат истите нешта, смета Хермија.[7]

Климент Александриски нуди неколку објаснувања за потеклото на грчката филозофија, дел од кои одат во нејзина одбрана, поради степенот на вистина што го содржи. Така, може да се резимира дека филозофијата потекнала од имањето на разум, што им овозможило на грчките филозофи да спознаат одреден степен на вистината; дека божествена инспирација, посредувана од страна на ангелите на народите, им дала вистина на мудреците на барбарите, која потоа се пренела како мудрост кај Грците; дека грчките филозофи го „украле“ знаењето од еврејските пророци и Мојсеј; и дека паднатите ангели ја украле филозофијата од небото и им ја пренеле на луѓето.

Според Климент Александриски, филозофијата потекнала од разумот, благодарение на што грчките филозофи умееле да спознаат одреден степен на вистината; или пак, се работело за божествена инспирација посредувана од ангелите на народите, со што мудреците на барбарите добиле мудрост која потем се пренела како филозофија кај Грците; или, дека станува збор за кражба на знаењето од еврејските пророци и од Мојсеј, што значи дека грчката филозофија е изворно еврејска; или пак, дека паднатите ангели ја украле филозофијата од небото им ја подариле на луѓето. Идејата за паднатите ангели во контекстот на потеклото на филозофијата не е разработена, туку само спомената. Христијанските противници ја критикувале филозофијата, сметајќи дека е лажна мудрост од измамнички паднати ангели, но Климент тврди дека божјата промисла одредила ангелите да ја украдат мудроста од небото. Филозофијата, според тоа, нема ѓаволски извор, како што сметаат противниците на Климент.[8]

Климент објаснува, како што беше споменато, дека филозофијата (мисли на хеленската) делумно ја имала разбрано вистината, дека ѝ се имала приближено, иако опскурно и до одреден степен, расправајќи со оние кои тврдат дека таа потекнала од ѓаволот. Некои, пак, пишува, претпоставуваат

---

7 *Irr*., 1. Користено е изданието: Hermias the Philosopher, *Derision of Gentile Philosophers, The Writings of the Early Christians of the Second Century: Namely, Athenagoras, Tatian, Theophilus, Hermias, Papias, Aristides, Quadratus, &C, J.* (London: Forgotten Books, 1857), 193-199, https://www.tertullian.org/fathers/hermias_1_satire.htm#5.

8 Clement of Alexandria, Str., 6,8; 6,17. Користено е изданието: Clement of Alexandria, The Stromata, trans. W. Wilson, eds. A. Roberts, J. Donaldson, A. Cleveland Coxe, *From Ante-Nicene Fathers,* Vol. 1 (Buffalo: Christian Literature Publishing Co., 1885). <http://www.newadvent.org/fathers/0103501.htm>.

дека одредени моќи се симнале од небото и ја инспирирале севкупноста на филозофијата.[9] Овие, се чини, продолжува Климент, цитирале од *Светото евангелие според Јован* 10,8 („сите (...) пред Мене, се крадци и разбојници", cf. 1,17) – која и да е вистината во паганската филозофија, таа не била откриена од Бога, туку украдена од паднатите ангели кои недозволено му ја откриле на човештвото.[10] Филозофијата, велат, не била испратена од Бога, објаснува Климент, туку украдена и дадена од страна на крадци (референца на противниците кои цитираат дека сите пред Бога се крадци и разбојници од *Јов.* 10,8). Некаква моќ, или ангел, кој научил нешто за вистината, но не останал во вистината, ги инспирирал овие нешта, и имајќи ги украдено, ги поучил луѓето.[11] Иако Климентовите противници имале намера да ја разобличат и презрат ваквата мудрост (следејќи ја *1Еn.* 16,3), тој смета дека иако е украдена, тоа е вистинска и валидна мудрост.[12]

Една од претпоставките на Климент за потеклото на филозофијата, како што беше споменато, е дека се работело за кражба на грчките филозофи на мудроста на Мојсеј и пророците. Ангелите кои го имале добиено ова наследство застраниле по задоволствата, па на жените им ги пренеле тајните што им биле дадени на знаење. Сепак, други ангели ги скриле ваквите скапоцени знаења, односно, ги чувале до доаѓањето на Господа.[13]

### Демоните против христијаните – Јустин Маченик за паднатите ангели

*Втората Апологија* од Јустин Маченик била напишана во име на христијаните кои биле осудени на смрт. Идејата на Јустин Маченик е дека таквите неправди се случуваат поради злите демони кои ги мразат. Демоните ги потчинуваат луѓето кои сакаат да ги усмртат христијаните, држејќи ги под контрола, судат врз нив, ги поттикнуваат и придвижуваат, па тие се, на тој начин, владетели движени од зли духови.[14]

Јустин објаснува дека ако го признаеме Бог како наш помошник, не треба да велиме дека сме сосема безбедни од репресија или прогонство од страна на злобни сили. Бог, објаснува Јустин, кога го создал целиот свет, и му ги потчинил земските нешта на човека, и ги уредил небесните елементи за

9 *Str.* 1,16. Ова не нужно се однесува на зли, измамнички, бунтовни ангели, туку може да алудира на инспирација од добри ангели (види кај J. Daniélou, *Gospel Message and Hellenistic Culture* (London: Darton, Longman & Todd, Philadelphia: Westminster Press, 1973), 49).

10 Поентата е дека паганските пророчишта понекогаш прават точни претскажувања затоа што демоните кои ги инспирираат ги украле пророштвата од *Светото писмо* (види кај Тертулијан во *Apol.*, 22).

11 Clement of Alexandria*, Str.*, 1,17.

12 Ibid.

13 *Str.,* 5,1.

14 Justin Martyr, *2Apol.*, 1. Користено е изданието Justin Martyr*, The First Apology and The Second Apology*, *Ante-Nicene Fathers*, Vol. 1, trans. M. Dods, G. Reith, eds. A. Roberts, J. Donaldson, A. Cleveland Coxe (Buffalo: Christian Literature Publishing Co., 1885), <http://www.newadvent.org/fathers/0103501.htm>.

количеството на плодови да се зголемува, и по ред да се менуваат годишните времиња, и го вовел овој божествен закон – правејќи ги овие нешта за човека – ја доверил грижата за луѓето и за сите нешта под небото на ангели кои ги назначил над нив. Но, овие ангели се побуниле против таквото назначување, ја прекршиле наредбата, и биле обземени од љубовта кон жените човечки, со кои потем произвеле деца, кои се нарекуваат демони.[15]

Покрај ова, потоа тие ја потчиниле под својата власт сета раса човечка, делумно преку магиски текстови, делумно преку страв и казни што тие самите ги предизвикувале, и делумно така што ги учеле луѓето да принесуваат жртви, сепаленици и леанки, поради што луѓето чувствувале (телесни) потреби, бивајќи поробени од похотни страсти. Демоните посеале убиства, војни, прељуби, неумерени дејства и секаква злоба меѓу луѓето. Оттука, и поетите и митолозите, не знаејќи дека ангелите и оние демони кои од нив биле создадени ги направиле сите овие нешта на мажите, жените, градовите и нациите, им ги припишале на самиот бог, и на оние кои биле сметани како негово потомство, и на потомството на оние кои биле нарекувани негови браќа, Нептун и Плутон, и на децата на нивното потомство – какво и име да си имал дадено секој од ангелите на себе, и на своите деца, тие го нарекувале со тоа име, објаснува Јустин.[16]

Јустин пишува за вечната казна и справувањето со злото. Никој не треба да каже, онака како што е кажано од страна на оние кои биваат сметани за филозофи, дека нашите тврдења за тоа дека злите се казнувани со вечен оган се само големи зборови и причини за опсесивен страв, и дека ние посакуваме луѓето да живеат доблесно поради страв, а не затоа што таквиот живот е добар и пријатен.[17] Јустин продолжува, сакајќи да одговори на тврдењето дека ако тоа не е така, Бог не постои, или ако постои, не се грижи за луѓето, и ниту доблеста ниту порокот не значи ништо, и законодавците неправедно ги казнуваат оние кои ги прекршуваат добрите заповеди. Но, одговара Јустин, со оглед на тоа што овие не се неправедни, и нивниот Отец ги поучува според словото да ги прават истите нешта како него, тие кои се согласуваат со нив не се неправедни. Ако некој се противи велејќи дека законите на луѓето се разновидни, и дека кај некои едно нешто се смета за добро, друго – за зло, додека кај други она што кај претходните се сметало за лошо е, всушност, добро, Јустин препорачува да се слуша што христијаните имаат да кажат. Така, се навраќа на злите ангели: знаеме дека злите ангели назначиле закони кои се удобни и пријатни за нивната сопствена злоба и изопаченост, во кои уживаат луѓето кои се како нив. Сепак, вистинскиот Разум, кога Тој се појавил, докажал дека не сите мислења, ниту сите учења се добри, туку дека некои се лоши, а некои добри.[18]

15 Justin Martyr, *2Apol*., 5.

16 Justin Martyr, *2Apol*., 5..

17 Justin Martyr, *2Apol., 9.*

18 Justin Martyr, *2Apol*., 9.

Демоните и понатаму ги мамат луѓето, предупредува Јустин. Злите духови не биле задоволни со тоа да се вели дека пред појавувањето на Христос, оние за кои се велело дека се синови на Јупитер биле родени од него; откако Тој се појавил, и бил роден меѓу луѓето, и кога слушнале како за него претскажувале пророците, и знаеле дека него сите ќе го слушаат и нему сите ќе му веруваат, воведеле други луѓе да бидат (однапред) замена. Тоа биле, на пример, Симон Волшебникот и Менандер, кои многумина мамеле и сè уште мамат со нивните магиски начини на убедување. Јустин потсетува дека Симон бил при Кајсар во Рим, и толку го воодушевил светиот сенат и римските граѓани, што бил славен како Бог, со поставување на статуа. Јустин вели дека се моли светиот сенат и граѓаните да сфатат каква е вистината, и така да се извлечат од грешките и лошиот пат што го имаат фатено (тој повикува, во најмала рака, статуата да биде уништена).[19]

Демоните, исто така, предизвикуваат насилство и прогонство.[20] Ѓаволите не може да ги убедат луѓето дека ќе нема казна за лошите дела, исто како што не можеле да повлијаат на тоа Христос да остане скриен после неговото доаѓање, но може да влијаат на тоа оние кои живеат неразумно, и кои биле одгледани во изопачени обичаи, да имаат предрасуди, та да сакаат да ги прогонуваат и убиваат христијаните.[21]

Демонолошката концепција на Јустин од *2Apol.*, 5 има јасна космолошка позадина: ангелите ја напуштиле својата дожност и општеле со жените човечки, а од нечистата заедница се појавиле демони чија основна цел е да го поробат човештвото преку магиската практика. Според Кортвег, овој одговор за лошата позиција на христијаните го содржи целиот аргумент на Јустин – демоните имаат специјална омраза кон христијаните, оттаму и бројните неприлики. Сепак, Јустин исто така верува дека христијаните имаат егзорцистички авторитет добиен од Христос, според што може да веруваат дека демоните и сите нивни следбеници ќе бидат уништени.[22]

Според Јустин, змијата која грешела уште од почетокот, и ангелите како неа (односно него, затоа што го идентификува сатаната со змијата) може да бидат уништени.[23] Чуварите од *1 Енох* не остануваат на земјата, за заедно со демоните да го корумпираат човештвото; во *Јубилеите* Чуварите и злите духови на џиновите се замандалени во подземјето. Можно е со ова да мисли дека паднатите ангели соработуваат со демоните на земјата и дека тие

19 *1Apol.*, 56.

20 *1Apol.*, 57.

21 Ibid.

22 Theodoor Korteweg, "Justin Martyr And His Demon-Ridden Universe," *in Demons and the Devil in Ancient and Medieval Christianity*, eds. Nienke Vos and Willemien Otten (Leiden: Brill, 2011), 156-157.

23 Justin Martyr, *Dial. Tryph.*, 45, 79, 100, 124. Користено е изданието: *Dialogue with Trypho,* trans. M. Dods, G. Reith, eds. A. Roberts, J. Donaldson, A., Cleveland Coxe, *From Ante-Nicene Fathers*, Vol. 1, (Buffalo: Christian Literature Publishing Co.), 1885, <http://www.newadvent.org/fathers/0103501.htm>.

се оние кои <u>може</u> да бидат уништени. Во *Дијалогот со Трифон*,[24] како и во *Втората апологија*[25] Јустин тврди дека ангелите и луѓето се создадени со слободна волја и може да одберат да го следат Бог, или да го отфрлат (со тоа што во *Дијалогот* се чини дека ангелите кои грешеле, како и луѓето, може да се покајат и да го прифатат Бога).[26]

**Приказната за паднатите ангели во Псевдо-Климентовите хомилии**

Потеклото на демоните во *Осмата Псевдо-Климентова Хомилиј*а (*Хомилија 8*) е разгледано на инаков начин од другите текстови на темата. Секако, тонот и начинот зависат од пристапот кон темата: одредени автори се концентрираат на учењето на Чуварите, истакнувајќи дека директно или индиректно, ги поучиле луѓето на злоба, пркосење и омраза кон Бога,[27] што потем одвело кон секакви злосторства (убиства, прељуби, војни, и општо зло.[28] Во *Хомилија 8* нема такви остри осуди, затоа што поучувањата не се покажани како научно-магиски и технолошко-воинствени како во изворниот текст од *1 Енох* и другите текстови од вториот век, туку се споменува дека ангелите ги поучиле луѓето разни начини на разубавување, и други нешта на радост на жените. Додека имплицитно ова води кон зголемување на телесните желби, сепак нема такво широкоопфатно влијание како описите на знаењата и умеењата што им биле пренесени на луѓето од другите верзии.

Примордијалниот грев не е вина на ангелите, туку на целото човештво, поради претераното уживање во раскош и недостигот на страв од Бога.[29] Бог добро ги направил сите нешта и му ги дал на човекот, кој бил направен според неговиот лик – направен да вдишува од божественоста на оној кој го создал. Покрај тоа, Бог се погрижил и за сите нешта, и за спасението на синовите кои од човека ќе се изродат. Сите нешта биле во изобилство – најдобрите плодови, исполнетост на годините, слобода од тага или болест – сето тоа им било дадено на луѓето.[30] Луѓето немале никакво искуство со злото, болката и страдањето, и биле неразумни и неблагодарни во врска со извонредниот дар на прекрасни нешта. Поради таквото несоодветно однесување,

24 *Dial. Tryph*., 140-141.

25 *2Apol*., 7.

26 *Dial. Tryph*., 141. Рајт потсетува дека Трифон му одговара на Јустин дека е бласфемија да се тврди дека ангелите грешеле кон Бога, а Јустин, пак, одговара дека злите ангели се наоѓаат во Танис (формулирајќи и дека „боговите на народите се демони“), цитирајќи од *Исаија* 30,1-5, Archie T. Wright, *Satan and the Problem of Evil* (Minneapolis: Fortress Press, 2022), 226.

27 Ireneaeus, *Demonstratio* 18. Користено е изданието: *The Proof of the Apostolic Preaching*, trans. J. Armitage Robinson (London: Society for Promoting Christian Knowledge; New York: The Macmillan Co., 1920).

28 Justin Martyr, *2Apol*., 5.4.

29 *Ps. Clem. Hom*. 8,11. Користено е изданието *The Syriac Pseudo-Clementines - An Early Version of the First Christian Novel*, trans. F. Stanley Jones (Turnhout: Brepols, 2014).

30 *Hom*., 8,10.

според предодредената хармонија во светот, од нив биле одземени добрите нешта, и во нивниот свет биле воведени злите нешта.[31]

Во оваа верзија, ангелите имаат совршено добра намера: тие сакаат да интервенираат во светот на луѓето, за да може праведно да оценат кои биле зли, за да може да ги казнат. Така, побарале да влезат во животот на луѓето, за преку директни односи со луѓето да видат кои биле презриви и неблагодарни. Нивното барање не било одобрено, и затоа морало да направат метаморфоза во секоја природа (како боголики суштества, ја имале таквата способност), па станале скапоцени камења, и бисери, и најубава пурпурна боја, и злато, и секаква најценета материја. На тој начин тие паднале во рацете на некои луѓе, на градите на некои други, и дозволиле да бидат украдени од нив. Покрај тоа, тие се претвориле во живи суштества, како ѕверки и лазачи, риби и птици, и во што и да е тоа што сакале.[32] Очекувано, зашто тоа им била главната цел, тие се претвориле и во природата на луѓето, за да им покажат како е добро да се живее свет живот, и за да ги казнат неблагодарните. Но, човековата природа подразбирала и човечка похота, па така тие посакале да живеат со жените човечки. Во ова била и трагедијата на ангелите: нивната природа била суштински изменета, и тие ја изгубиле моќта да се трансформираат во нивната изворна небесна природа, затоа што огнот од кој биле иницијално составени станал плот преку тежината на страста која ги врзала во синџирите на телото. Така, ангелите биле врзани за земјата и неспособни да се искачат на небото.[33]

Од односите меѓу ангелите и жените човечки настанале лажни луѓе, по висина мошне поголеми од обичните луѓе, џинови диви во нивните навики. Бог очекувал тие да се свртат кон јадење на животни, без да бидат виновни (иако тоа е спротивно на природата), затоа што ги натерала нужноста. Затоа, тој им испратил мана соодветна за нивните разновидни вкусови, и тие уживале во сè што можеле. Но, поради нивната природа, копнееле по вкусот на крвта, и така прв пат вкусиле месо.[34] Луѓето кои биле со нив, исто така за прв пат со нетрпение посакале да вкусат месо. Ова довело до уште посложени проблеми. До тогаш крв не била пролевана, а сега наеднаш крв се пролевала (и консумирала) насекаде. Според ова, конзумирањето на месо и жртвувањето на живи суштества во *Хомилија 8* е објаснето како резултат на паднатите ангели и нивните демонски синови. На тој начин воздухот се извалкал од нечистите испарувања и станал токсичен за тие кои го вдишувале, та луѓето почнале прерано да умираат; а низ земјата талкале смртоносни суштества. Поради ваквите – како што формулира авторот – брутални демони, сè станало ужасно. Затоа, Бог посакал преку Потопот да го прочисти светот. Бог предупредил еден праведен човек со неговите тројца синови и нивните жени и деца да изградат кораб, и пратил огромна поплава која сè

31 *Hom.*, 8,11.

32 *Hom.*, 8,12.

33 *Hom.*, 8,13.

34 *Hom.*, 8,15.

уништила: прочистениот свет требало да биде даден на оние спасени во коработ, за да се јави втор почеток на животот.[35]

Во *Хомилија 8* нема силно наметнување на вина, туку разбирање на проблематичната онтолошка ситуација: луѓето биле неискусни, а со тоа неблагодарни; ангелите имале добра намера; а џиновите не умееле инаку. Сепак, постојат јасни идеи за трансгресија и казна, со тоа што се инсистира на свесноста за соодветноста и правичноста на казната на неблагодарните луѓе. За жал, и во тие околности, сè станало од лошо полошо, и довело до потребата за обнова на светот.

### Ритуалното жртвување според Јустин Маченик и според *Хомилиите*

Во *Хомилија 8*, Петар објаснува како бил воведен законот за заеднички жртвени оброци, развивајќи ја врската меѓу жртвувањето, идолатријата, демоните и болестите. Петар открива дека колењето на животни за храна и како жртва почнало како резултат на падот на ангелите и нивните демонски синови.[36] Онаму каде Јустин се повикува на паднатите ангели и на џиновите за да ги расветли грешките на грчката митологија, *Хомилиите* ги употребуваат ваквите мотиви за да ја нагласат опасноста од ритуално проблематичното однесување – јадењето на жртвеното месо и на друга нечиста храна. Во *Хомилиите* стои дека човек јаде на трпезата на демоните (според *1Коринтјани*, 10,21), не само кога прифаќа да консумира храна што им се нуди на идолите, туку и кога јаде крв и месо од несоодветно заклани животни.[37] Јустин ги отфрла правилата за кошер како дел од *Тората* која Бог им ја дал само на Евреите,[38] а *Хомилиите* го покажуваат почитувањето на избраните кошер закони како нужен предуслов за неевреите да се ослободат од демонската опресија.[39] Грешката во паганскиот култ е покажана како спротивставена не на верата во Христа, туку на побожноста во парцијалното следење на *Тората*.[40]

*Хомилиите* го следат Јустин во отфрлањето на жртвувачките ритуали на „паганите“ преку идејата за измамништвото на демоните, и нивното заробување на лековерните неевреи, и, како и во бројни слични извори, ова едноставно го поврзуваат со падот на ангелите. Сепак, додека Јустин ги обвинува Евреите дека намерно им служеле на истите демони, и покрај специјалните

---

35 *Hom.*, 8,17. Поопсежно за содржината на *Хомилија 8* во М. Тодоровска, "Неколку примери на филозофско-теолошка употреба на приказната за чуварите од Книгата на Енох," *Филозофска трибина* 46 (34) (2023): 82-7.

36 *Hom.*, 8,13-19; cf. 1,29; 4.29.

37 *Hom.*, 7.8, види и 7.2-3.

38 Justin Martyr, *Dial. Tryph.*, 20.

39 Cf. Acta apost., 15,19–20, 28–29; 21,25. Користено е изданието: *The Acts of the Apostles*, trans. Ellen G. White (Mountain View, CA: Pacific Press Publishing Association, 1911).

40 Annette Y. Reed, "Rethinking Sacrifice in the Pseudo-Clementine 'Homilies,'" in *La question de la 'sacerdotalisation' dans le judaïsme synagogal, le christianisme et le rabbinisme*, eds. Simon C. Mimouni and Louis Painchaud (Turnhout: Brepols, 2018), 428.

напори на Бог да ги ограничи нивните непобожни однесувања,[41] *Хомилиите* покажуваат дека тие се наоѓаат во релација на спротивставеност и на демоните и на грешките на паганството. Евреите се славени како оние кои се слободни од демонска репресија, и претставени како оние од кои неевреите треба да учат модели на монотеистичка побожност.[42] Значи, додека Јустин Маченик ги отфрла жртвувачките ритуали на „паганите" како производ на запоседнатост од демони на лековерните неевреи, а корените им ги лоцира во падот на ангелите пред Потопот[43] и ги обвинува Евреите дека им служеле на истите демони,[44] во *Хомилиите* јудаизмот е покажан како спротивставен и на демоните и на грешките и гревовите на политеизмот, идолопоклонството и хеленизмот.[45] Беше споменато дека според *Хомилиите*, сите треба да ги имитираат побожните видови на однесување, и да го следат божјиот закон, доколку сакаат да бидат безбедни од демонски влијанија. Како што резимира Рид – онаму каде Јустин се повикува на паднатите ангели и џиновите за да ја покаже проблематичноста на грчката религија, *Хомилиите* ги користат овие фигури за да ги нагласат опасностите од несоодветно ритуално однесување (конзумирање жртвено месо и друга нечиста храна).[46] Како што беше споменато, според Јустин Маченик, демоните демнат позади „паганската" религија, преправајќи се дека се грчки богови. Така, паднатите ангели и демоните го измислиле идолопоклонството, а демоните биле обилно хранети од виното и месото кои се нуделе како жртва на идолите, со што ги заробиле паганите и ги охрабрувале сите нечисти, скверначевки дејства.[47]

Приказната за падот на ангелите и толкувањата и употребите на учењето за потеклото на злото беа покажани во неколку ранохристијански извори. Беше покажано дека иако се работи за широко позната и (релативно) несложена приказна, нејзиното суштинско метафизичко-теолошко, антрополошко и етичко значење е извонредно, како за толкувањата во рамките на засебните филозофско-теолошки системи, така и во општото разбирање на (не)човечкоста на злото.

41 Justin Martyr, *Dial. Tryph.*,19; 27; 73; 133.

42 Hom., 2.33; 4.14-17; 7.4; 9.16; 11.7-16, 23-30; 16.14; види кај Ra'anan S. Boustan and Annette Y. Reed, "Blood and Atonement in the Pseudo-Clementines and The Story of the Ten Martyrs: The Problem of Selectivity in the Study of Judaism and Christianity," *Henoch* 30:2 (2008): 342-43.

43 Justin Martyr, *2Apol.*, 5.

44 Justin Martyr, *Dial. Tryph.*, ibid.

45 Види, на пример. *Hom.*, 8,12-19.

46 Reed, "Rethinking Sacrifice in the Pseudo-Clementine 'Homilies,'" 427.

47 Justin Martyr, *2Apol.*, 5.